МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018



**Број 7 Година XVII**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА КАРПОШ

**СКОПЈЕ, април 2023**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Заклучокот за усвојување Информација во однос на Извештајот за оценка на перформансите на јавните расходи и финансиската одговорност PEFA Извештај**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување Информација во однос на Извештајот за оценка на перформансите на јавните расходи и финансиската одговорност PEFA Извештај, донесен на дваесет и петтата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 30 март 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2834/1**
**Датум:03.04.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002), а во врска со Информацијата во однос на Извештајот за оценка на перформансите на јавните расходи и финансиската одговорност PEFA Извештај Советот на Општина Карпош, на дваесет и петтата седница одржана на 30.03.2023 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување Информација во однос на Извештајот за оценка на перформансите на јавните расходи и финансиската одговорност PEFA Извештај**

1. Со овој Заклучок се усвојува Информација во однос на Извештајот за оценка на перформансите на јавните расходи и финансиската одговорност PEFA Извештај, презентиран од Здружението за финансиски работници Велес и изготвен од Министерство за локална самоуправа, Швајцарска агенција за развој и соработка, УНДП и Здружението за финансиски работници Велес.

2. Се задолжува Одделението за поддршка и организација на работата на Советот да го достави Заклучокот до Министерство за локална самоуправа, Швајцарска агенција за развој и соработка, УНДП и Здружението за финансиски работници Велес

3. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број: 09-2323/6**
**Датум: 30.03.2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Бранко Ристов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлуката за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација со препарцелација на ГП 2.366 и ГП 2.367 од ДУП за Градска четврт З 03, опфат помеѓу бул. Партизански Одреди, корито на р. Вардар, бул. Македонија и ул. Московска, во КО Карпош - Општина Карпош.**

1. Се објавува Одлуката за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација со препарцелација на ГП 2.366 и ГП 2.367 од ДУП за Градска четврт З 03, опфат помеѓу бул. Партизански Одреди, корито на р. Вардар, бул. Македонија и ул. Московска, во КО Карпош - Општина Карпош, донесена на дваесет и петтата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 30 март 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2834/2**
**Датум: 03.04.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 63, став (9) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20), член 22, став 1, точка 1; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Општина Карпош“ бр.5/2022), Советот на Општина Карпош на дваесет и петтата седница одржана на 30.03.2023 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација со препарцелација на ГП 2.366 и ГП 2.367 од ДУП за Градска четврт З 03, опфат помеѓу бул. Партизански Одреди, корито на р. Вардар, бул. Македонија и ул. Московска, во КО Карпош - Општина Карпош.**

**Член 1**

Со оваа одлука се донесува Планот за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација со препарцелација на ГП 2.366 и ГП 2.367 од ДУП за Градска четврт З 03, опфат помеѓу бул. Партизански Одреди, корито на р. Вардар, бул. Македонија и ул. Московска, во КО Карпош - Општина Карпош.

Планот за парцелација, како составен дел од Урбанистички проект со план за парцелација со препарцелација на ГП 2.366 и ГП 2.367 од ДУП за Градска четврт З 03, опфат помеѓу бул. Партизански Одреди, корито на р. Вардар, бул. Македонија и ул. Московска, во КО Карпош - Општина Карпош, е изготвен во целост почитувајќи ги одредбите зададени со важечкиот ДУП за Градска четврт З 03, опфат помеѓу бул. Партизански Одреди, корито на р. Вардар, бул. Македонија и ул. Московска, во КО Карпош - Општина Карпош (Одлука бр. 08-8826/6 од 03.12.2015), како и согласно Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20), Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20, 219/21 и 104/22) и останатата релевантна законска и подзаконска регулатива.

**Член 2**

Со Планот за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација со препарцелација на ГП 2.366 и ГП 2.367 од ДУП за Градска четврт З 03, опфат помеѓу бул. Партизански Одреди, корито на р. Вардар, бул. Македонија и ул. Московска, во КО Карпош - Општина Карпош се врши спојување на две помали градежни парцели во една поголема градежна парцела, со почитување на параметрите зададени во Изводот, потребата на Инвеститорот и согласно член 63 став (1) и став (2) од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20).

**Член 3**

Планот за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација со препарцелација на ГП 2.366 и ГП 2.367 од ДУП за Градска четврт З 03, опфат помеѓу бул. Партизански Одреди, корито на р. Вардар, бул. Македонија и ул. Московска, во КО Карпош - Општина Карпош, постапка бр. 46540 во системот е-урбанизам, со технички број 94/22-У од декември 2022, поднесено од Друштво за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје е со следната содржина:

1. Опис и образложение на парцелацијата
2. Графички дел – план за парцелација
3. Синтезна карта

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Карпош.

**Број: 09-2323/7**
**Датум: 30.03.2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Бранко Ристов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021, 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за блок ССЗ 01.10, Градска четврт ССЗ 01, Општина Карпош - Скопје**

1. Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за блок ССЗ 01.10, Градска четврт ССЗ 01, Општина Карпош – Скопје, донесена на дваесет и петтата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 30 март 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2834/3**
**Датум:03.04.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 1; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Општина Карпош“ бр.5/2022), член 23, став 3 од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Северна Македонија, број 32/20), а по добиено мислење бр.15-2360/2022 од 20.12.2022 година од страна на Министерство за Животна средина и просторно планирање и член 39, став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Советот на Општина Карпош, на дваесет и петтата седница одржана на 30.03.2023 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за донесување на Детален урбанистички план за блок ССЗ 01.10, Градска четврт ССЗ 01, Општина Карпош - Скопје.**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Детален урбанистички план Детален урбанистички план за блок ССЗ 01.10, Градска четврт ССЗ 01, Општина Карпош - Скопје. Деталниот урбанистички план е изработен според одредбите за спроведување на Генералниот урбанистички план на Град Скопје, Законот за просторно и урбанистичко планирање, Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на урбанистички планови.

**Член 2**

Просторот за кој се донесува Деталениот урбанистички план е дефиниран помеѓу;

- **Од југ** по осовината на ул. Скупи-20 и ул. Скупи;
- **Од исток** по осовина на "Бардовци-пат-Скопје"
- **Од север** ги сече КП 297, КП 296/3, КП 293, КП 642, КП 641, КП 640/3, КП 640/2, КП 640/1, река Лепенец, КП 625, КП 626, КП 633, КП 628/3, КП 632, КП 632, КП 628/2, КП 628/1, КП 258, КП 614/2, КП 614/1, КП 613/3, КП 613/2, КП 526/1, КП 527;
- **На северо-запад** ги сече КП 528/2, КП 528/5, осовина на улица Скупи-14, Улица С9 и ул.Скупи-22.

Површината на урбаниот опфат изнесува П= 38.69 ха.

**Член 3**

Опфатот на Деталниот урбанистички план ги содржи следните намени: домување во станбени куќи, домување во станбени згради, групно домување, здравство и социјална заштита, лесна и незагадувачка индустрија, сервиси, парковско зеленило, заштитно зеленило, комунална инфраструктура.

Во рамките на планот се предвидени следните класи и намени на земјиштето:

- А1– домување во станбени куќи
- А2 – домување во станбени згради

- А3– Групно домување
- В2 - Здравство и социјална заштита
- Г2 - Лесна и незагадувачка индустрија
- Г3 - Сервиси
- Д1 – Парковско зеленило
- Д2 – Заштитно зеленило
- Е2 – Комунална супраструктура

Со планот се одредени
- облик и големина на градежна парцела /м2/
- регулациона линија,
- градежна линија која го дефинира просторот во кој може да се гради,
- максимална површина за градба во која може да се развие основата на објектот /м2/
- процент на изграденост /%/,
- максимална развиена површина на објектот /м2/,
- коефициент на искористеност /К/,
-намена на објектот,
-максимална висина на објектот / до завршниот венец / од ниво на тротоар, сообраќајница или пристапна патека,
- паркирање-гаражирање на возилата во рамките на парцелите.

**Член 4**

Составен дел на оваа Одлука се:
- Текстуален дел ,
- Графички прилози
- Основни параметри за уредување на просторот о
- Табеларен приказ на урбанистичките параметри.

**Член 5**

Деталниот урбанистички план се заверува со печат на Општина Карпош и потпис на Претседателот на Советот на Општината.

**Член 6**

Деталниот урбанистичкиот план со сите негови делови се чува во Одделението за урбанистичко планирање на Општина Карпош.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош

**Број: 09-2323/8**
**Датум: 30.03.2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Бранко Ристов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Решението за донесување на Техничка исправка за ГП 3.03.2.358 во Детален урбанистички план за градска четврт З 03 – опфат помеѓу бул. „Партизански одреди“, корито на р. Вардар, бул. „Македонија“ и ул. „Московска“, плански период 2013-2018, Општина Карпош – Скопје (одлука бр. 08-8826/6 од 3.12.2015 год.)**

1. Се објавува Решението за донесување на Техничка исправка за ГП 3.03.2.358 во Детален урбанистички план за градска четврт З 03 – опфат помеѓу бул. „Партизански одреди“, корито на р. Вардар, бул. „Македонија“ и ул. „Московска“, плански период 2013-2018, Општина Карпош – Скопје (одлука бр. 08-8826/6 од 3.12.2015 год.), донесено на дваесет и петтата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 30 март 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2834/4**
**Датум:03.04.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 2; член 36 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 36, став 6 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/2020), Советот на Општина Карпош, на дваесет и петтата седница, одржана на 30 март 2023 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за донесување на Техничка исправка за ГП 3.03.2.358 во Детален урбанистички план за градска четврт З 03 – опфат помеѓу бул. „Партизански одреди“, корито на р. Вардар, бул. „Македонија“ и ул. „Московска“, плански период 2013-2018, Општина Карпош – Скопје (одлука бр. 08-8826/6 од 3.12.2015 год.).**

**Член 1**

Со овaа Одлука се донесува Техничка исправка за ГП 3.03.2.358 во Детален урбанистички план за градска четврт З 03 – опфат помеѓу бул. „Партизански одреди“, корито на р. Вардар, бул. „Македонија“ и ул. „Московска“, плански период 2013-2018, Општина Карпош – Скопје (одлука бр. 08-8826/6 од 3.12.2015 год.), со технички бр. 065/11/22 од февурари 2023 година, изработена од Друштво за планирање, проектирање и инженеринг Тајфа План доо - Скопје, по добиеното позитивно мислење со број 45-22/3 од 13.02.2023 година од Комисијата за урбанизам на Општина Карпош, формирана врз основа на одредбите на член 38 од Законот за урбанистичко планирање со Решение за формирање на Комисија за урбанизам, донесено од Градоначалникот на Општина Општина Карпош со бр. 11-9249/1 од 12.12.2022 година.

**Член 2**

Техничката исправка за ГП 3.03.2.358 во Детален урбанистички план за градска четврт З 03 – опфат помеѓу бул. „Партизански одреди“, корито на р. Вардар, бул. „Македонија“ и ул. „Московска“, плански период 2013-2018, Општина Карпош – Скопје (одлука бр. 08-8826/6 од 3.12.2015 год.), со технички бр. 065/11/22 од февурари 2023 година, изработена од Друштво за планирање, проектирање и инженеринг Тајфа План доо – Скопје е составен дел од Детален урбанистички план за градска четврт З 03 – опфат помеѓу бул. „Партизански одреди“, корито на р. Вардар, бул. „Македонија“ и ул. „Московска“, плански период 2013-2018, Општина Карпош – Скопје (одлука бр. 08-8826/6 од 3.12.2015 год.).

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-2323/9**
**Датум:30.03.2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Бранко Ристов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2023 година**

1. Се објавува Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2023година, донесена на дваесет и петтата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 30 март 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2834/5**
**Датум: 03.04.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 34 од Законот за Буџети („Службен весник на Република Македонија“ бр.64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21), Советот на општина Карпош на дваесет и петтата седница одржана на ден 30 март 2023 година донесе

**ОДЛУКА**
**за проширување на средствата на Буџетот на Општина Карпош**
**за 2023 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на општина Карпош за 2023 година на следниов начин:
Се зголемуваат приходите на следниве потставки

| Потпрограма<br>Потставка | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|
| **А00 СОВЕТ НА ОПШТИНА** | | | | |
| 723911 Закупнина на објекти | 1.830.000 | 0 | 0 | 0 |
| 741114 Пренесен вишок од мин. година | 0 | 1.815.000 | | |
| **Вкупно** | **1.830.000** | **1.815.000** | **0** | **0** |

и се распоредуваат на следните расходни потставки

| Потпрограма<br>Потставка | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|
| **Н10 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 421110 Елекртична енергија | 400.000 | 1.815.000 | 0 | 0 |
| 421120 Водовод и канализација | 100.000 | 0 | 0 | 0 |
| 421130 Ѓуретарина | 100.000 | 0 | 0 | 0 |
| 421210 Централно греење | 440.000 | 0 | 0 | 0 |
| 423110Канцелариски матријал | 50.000 | 0 | 0 | 0 |
| 423720Матријали за разни поправки | 50.000 | 0 | 0 | 0 |
| 424230 Дезинфекција дезинсекција | 40.000 | 0 | 0 | 0 |
| 424420Поправки и одржувањена софтвер | 160.000 | 0 | 0 | 0 |
| 424440Поправки на друга опрема | 20.000 | 0 | 0 | 0 |
| 425490 Други здравствени услуги | 110.000 | 0 | 0 | 0 |
| 425990 Други договорни услуги | 50.000 | 0 | 0 | 0 |
| 426410 Објава на огласи | 160.000 | 0 | 0 | 0 |
| 426990 Други оперативни расходи | 10.000 | 0 | 0 | 0 |
| **НА КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 480140 Купување на информ. опрема | 120.000 | 0 | 0 | 0 |
| 480190 купување на друга опрема | 20.000 | 0 | 0 | 0 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **1.830.000** | **1.815.000** | **0** | **0** |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Карпош“ и станува составен дел на Буџетот на општината за 2023 година.

**Број: 09 - 2323/10**
**Датум: 30.03.2023**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Бранко Ристов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2023 година**

1. Се објавува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2023 година, донесена на дваесет и петтата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 30 март 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2834/6**
**Датум:03.04.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 7 и точка 9; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), како и врз основа на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2023 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.25/2022), Советот на Општина Карпош, на дваесет и петтата седница, одржана на 30 март 2023 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2023 година**

1. Во Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2023 година (,,Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 25/22) во точка II. Проектни активности се врши изменување и дополнување на следниот начин:
   Во точка 5. Парична помош за секое новородено-посвоено дете на територијата на Општина Карпош во делот :
   -Опис на активности

   Во точка 5. Парична помош за секое новородено-посвоено дете на територијата на Општина Карпош во делот :

   Опис на активности ‘‘Вкупните приходи на родителите да не бидат повисоки од 37.000 ден.‘‘ бројот 37.000 се брише и на негово место се додава зборот две минимални плати .

По изменувањето и дополнувањето точката 5 гласи :

| 5. | **Парична помош за секое новородено-посвоено дете на територијата на Општина Карпош** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Информирање на граѓаните од Општина Карпош, за условите за користење на правото за парична помош за секое новородено и посвоено дете на територија на општината. За остварување на право на еднократна парична помош, потребно е да се исполнат следните критериумите :<br><br>-Еднократна парична помош да се доделува на секое новородено и посвоено дете, чии што родители се жители на Општина Карпош (што се утврдува со документ за лична идинтификација)<br><br>-На денот на поднесување на Барањето , |

| | |
|---|---|
| | новородончето да не е постаро од 90 дена<br>-Вкупните приходи на родителите да не бидат повисоки од две минимални плати.<br>Или ако едниот родител е невработен , да достави потврда од агенцијата за вработување на РМ , или друг документ со кој ќе се потврди дека е невработен. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Финансиска поддршка за семејствата.<br>Информирање и упатување на семејствата за остварување на нивните права и од други соодветни институции во државата. |
| **Очекувани резултати:** | Поддршка на семејства |
| **Целна група:** | Лица/семејства кои ги исполнуваат утврдените критериуми |
| **Предвидена финансиска рамка:**<br>**Реализатор:** | **250.000,оо ден.**<br>Општина Карпош |
| **Трошоци:** | Еднократна парична помош во износ од 4.000,оо денари за секое новородено/посвоено дете согласно утврдените критериуми. |

2. Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,, Службен гласник на Општина Карпош ‘‘ .

**Број: 09-2323/11**
**Датум:30.03.2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Бранко Ристов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на реони на основните училишта на Општина Карпош**

1. Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на реони на основните училишта на Општина Карпош, донесена на дваесет и петтата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 30 март 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2834/7**
**Датум: 03.04.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 8; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 63, став 5 од Законот за основото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.161/19 и бр.229/20), Одлуката за утврдување на реони на основните училишта на Општина Карпош Советот на Општина Карпош бр.09-2813/3 од 10.04.2019 година и Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на реони на основните училишта на Општина карпош бр.09-3199/16 од 20.04.2023 година, советот на Општина Карпош на дваесет и петтата седница, одржана на 30.03. 2023 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на реони на основните училишта на Општина Карпош**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на реони на основните училишта на Општина Карпош, бр.09-2813/3 од 10.04.2019 година и Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврување на реони на основните училишта на Општина карпош бр.09-3199/16 од 20.04.2022 година, на следниот начин:

Се бришат членовите 4, 6 и 7 и на нивно место се запишуваат нови членови 4, 6 и 7 кои гласат:

**„Член 4**

Реонот на општинското основно училиште „БРАТСТВО“, Општина Карпош-Скопје ја опфаќа територијата на урбаните заедници Тафталиџе 2, Нерези и дел од У.З.Пецо Божиновски Кочо, што се простира на исток до ул.Московска, на север до булевар Партизански Одреди, на запад до реката Вардар и на југ до булевар Митрополит Теодосиј Гологанов и булевар Васил Чакаларов, од ул.Козле бр.179 до Средно и Горно Нерези и зградите на булевар Васил Чакаларов бр.1 и бр.3.
Учениците од I (прво)до IX (деветто) одделение од овој реон се запишуваат во општинското основно училиште „БРАТСТВО“, Општина Карпош-Скопје.

**Член 6**

Реонот на општинското основно училиште „ВЛАДО ТАСЕВСКИ“, Општина Карпош-Скопје го опфаќа дел од територијата на урбаните заедници „Кузман Јосифовски Питу“ и „Пецо Божиновски

Кочо“, што се простира на исток од Брадфордска, на север до Јуриј Гагарин и Митрополит Теодосиј Гологанов, на запад до Козле бр.177 и Јуриј Гагарин бр.76 б и на југ од ул.Козле 1, Ловќенска и Трнодол и Жданец.
Учениците од I (прво)до IX (деветто) одделение од овој реон се запишуваат во општинското основно училиште „ВЛАДО ТАСЕВСКИ“, Општина Карпош-Скопје.
При упис на ученици во ООУ Владо Тасевски предност имаат деца од реонот. Дополнително можат да се запишат деца од Нерези и од потегот улица Брадфорска до Министерство за економија, на барање на родителите ако семејството веќе има запишано братче или сестриче, доколку во училиштето има слободно место, со обезбедени согласности од двете училишта.

**Член 7**

Реонот на општинското основно училиште„ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ“ Општина карпош-Скопје ја опфаќа територијата на урбаната заедница Владо Тасевски и дел од Кузман Јосифовски Питу, што се простира на исток до улица Франклин Рузвелт, на југ од ул.Васил Ѓоргов бр.34 до ул.Козле бр.30, на запад до Брадфордска и булевар 8-ми Септември и на север до Партизански Одреди“.
Учениците од I (прво) до IX (деветто) одделение од овој реон се запишуваат во општинското основно училиште „ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ“, Општина Карпош-Скопје.“

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“

**Број: 09-2323/12**
**Датум:30.03.2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Бранко Ристов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Годишната Програма за изменување и дополнување на Годишната програма за работата на Јавна установа општинска детска градинка „Орце Николов“, Општина Карпош - Скопје за 2022/2023 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишната Програма за изменување и дополнување на Годишната програма за работата на Јавна установа општинска детска градинка „Орце Николов“, Општина Карпош - Скопје за 2022/2023 година, донесен на дваесет и петтата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 30 март 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2834/8**
**Датум:03.04.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 7; член 36, став 1, точка 6 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002) и член 116, став 1, алинеја 2 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21 и 150/22) и Решението за промена на просторните услови и промена на капацитет бр.11-2034/4 од 21.03.2023 година донесено од Министерката за труд и социјална политика, Советот на Општина Карпош на дваесет и петтата седница одржана на 30.03.2023 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишната Програма за изменување и дополнување на Годишната програма за работата на Јавна установа општинска детска градинка „Орце Николов“, Општина Карпош - Скопје за 2022/2023 година**

1. Се усвојува Годишната Програма за изменување и дополнување на Годишната програма за работата на Јавна установа општинска детска градинка „Орце Николов“, Општина Карпош - Скопје за 2022/2023 година, предложена и усвоена од управниот одбор на ЈУОДГ „Орце Николов“ со Одлука бр.02-78/2 од 28.03.2023 година.

2. Се задолжува Секторот за јавни дејности да достави до ЈУОДГ „Орце Николов“, Општина Карпош – Скопје, Заклучок во 2 (два) примерока.

3. Овој заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-2323/13**
**Датум: 30.03.2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Бранко Ристов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување Одлука за предавање во владение, употреба и започнување со работа на објектот „Први стапки“ во ЈУОДГ „Орце Николов Општина Карпош Скопје**

1. Се објавува Одлуката за предавање во владение, употреба и започнување со работа на објектот „Први стапки“ во ЈУОДГ „Орце Николов“ Општина Карпош Скопје, донесена на дваесет и петтата седница на Советот на Општина Карпош,одржана на 30 март 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2834/9**
**Датум:03.04.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 7; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002) и врз основа на Решението за промена на просторните услови и промена на капацитетот бр.11-2034/4 од 21.03.2023 година, донесено од Министерството за труд и социјална политика на Република Северна Македонија, Советот на Општина Карпош, надваесет и петтата седница одржана на 30 март 2023 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за предавање во владение, употреба и започнување со работа на објектот „Први стапки“ во ЈУОДГ „Орце Николов Општина Карпош Скопје**

**Член 1**

Со оваа одлука, Општина Карпош во својство на основач и сопственик на Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“ дава согласност за предавање во владение, употреба и започнување со работа на објектот „Први стапки“ во ЈУОДГ „Орце Николов“ Општина Карпош Скопје.

**Член 2**

Врз основа на Решението за промена на просторните услови и промена на капацитетот бр.11-2034/4 од 21.03.2023 година, донесено од Министерството за труд и социјална политика на Република Северна Македонија, е утврдено дека променетите просторни услови и капацитетот на објектот „Први стапки“ со седиште на улица „Карпошево востание“ бр.1 во Општина Карпош во Скопје, во состав на Јавната општинска установа за деца – Детска градинка „Орце Николов“ ги исполнува условите за вршење на дејноста за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст.

**Член 3**

Врз основа на променетите просторни услови, капацитетот на објектот „Први стапки“ е за згрижување и воспитание на 280 деца од предучилишна возраст, организирани во 13 групи, на возраст од 8 месеци до 6 години, односно до поаѓање во основно училиште, согласно Законот за заштита на децата.

**Член 4**

Преадаптираниот дел од градинката е со вкупна површина од 432м$^2$.

Со извршената промена на просторните услови објектот „Први стапки“ располага со вкупна површина на целиот објект кој го користи градинката од 2232 м2 и дворно место од 7133 м$^2$.

**Член 5**

Во преадаптираниот дел на објектот „Први стапки“ ќе се врши згрижување на 100 деца на возраст од 5 до 6 години, односно до поаѓање во основно училиште, организирани во 4 групи.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-2323/14**
**Датум:30.03.2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Бранко Ристов, с.р.**

МКД
СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018



Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување Службена белешка за не усвојување на Предлог-Одлука за поголема транспарентност и вклучување на јавност во процесот на носење на Детални урбанистички планови во Општина Карпош**

1. Се објавува Службената Белешка за не усвојување на Предлог-Одлука за поголема транспарентност и вклучување на јавност во процесот на носење на Детални урбанистички планови во Општина Карпош, донесена од Претседателот на Советот на Општина Карпош, по одржувањето на дваесет и петтата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 30 март 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2834/10**
**Датум: 03.04.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002), а во врска со усвоената десетта предлог - точка на дневниот ред за работа на дваесет и петтата седница на Советот на Општина Карпош – Предлог-Одлука за поголема транспарентност и вклучување на јавност во процесот на носење на Детални урбанистички планови во Општина Карпош, Претседателот на Советот на Општина Карпош донесе

**СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА**
**за не усвојување на Предлог-Одлуката за поголема транспарентност и вклучување на јавност во процесот на носење на Детални урбанистички планови во Општина Карпош**

1. Со оваа Службена белешка се констатира дека предложената точка од усвоениот Дневен ред за работа на дваесет и петтата седница на Советот на Општина Карпош – Предлог-Одлука за поголема транспарентност и вклучување на јавност во процесот на носење на Детални урбанистички планови во Општина Карпош, НЕ Е УСВОЕНА.

По извршеното гласање беше констатирано дека ЗА гласале 10 членови на Советот, ПРОТИВ гласале 2 члена на Советот, ВОЗДРЖАНИ гласале 7 членови на Советот, врз основа на што е констатирано дека не е усвоена Предлог-Одлуката за поголема транспарентност и вклучување на јавност во процесот на носење на Детални урбанистички планови во Општина Карпош.

**Број: 09-2323/15**
**Датум: 30.03.2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Бранко Ристов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување Одлука за пренесување во живо на седниците на Советот на Општина Карпош**

1. Се објавува Одлуката за пренесување во живо на седниците на Советот на Општина Карпош, донесена на дваесет и петтата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 30 март 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2834/11**
**Датум: 03.04.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 8 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), член 12 а во врска со членовите 55 и 56 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), членовите 15, 153 и 154 од Деловникот на Советот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2006), Советот на Општина Карпош, на дваесет и петтата седница, одржана на 30 март 2023 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за пренесување во живо на седниците на Советот на Општина Карпош**

**Член 1**

Сите седници на Советот на Општина Карпош се пренесуваат во живо (streaming) на официјалниот youtube канал, а линкот ќе биде објавен на веб страната на Општина Карпош, освен за седниците кои согласно Статут и Деловник на Општина Карпош се предвидува исклучување на јавноста.

**Член 2**

Припремата и реализацијата на преносот во живо на седниците на Советот ја спроведува општинската администрација со соодветна техничка опрема.

Се забранува секое друго неовластено снимање од неовластени лица.

Во случај на недостаток на техничка опрема за пренос во живо на седниците на Советот, снимената содржина во целост од одржаната седница се поставува на официјалниот youtube канал, а линкот ќе биде објавен на веб страната на општина Карпош, најдоцна 1 работен ден по завршување на седницата на Советот на општината.

**Член 3**

Се задолжува општинската администрација во Општина Карпош во најкус можен рок не подолг од 30 дена да обезбеди соодветна и функционална опрема за пренос на седниците во живо. Доколку постојат пречки за нејзино функционирање писмено го известува Советот на Општина Карпош, најдоцна еден ден пред почетокот на седницата.

**Член 4**

Со донесувањето на оваа одлука престанува да важи Одлуката бр.09-8033/43 од 13.12.2021 година објавена во „Службен гласник на Општина Карпош“ бр.22 од 24.12.2021 година.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-2323/16**
**Датум: 30.03.2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Бранко Ристов, с.р.**

**СОДРЖИНА**

1. Заклучок за усвојување Информација во однос на Извештајот за оценка на перформансите на јавните расходи и финансиската одговорност PEFA Извештај, со Решение за објавување
2. Урбанистички проект со план за парцелација со препарцелација на ГП 2.366 о ГП 2.367 од ДУП за Градска четврт З 03, опфат помеѓу бул.Партизански одреди, корито на р.Вардар, бул.Македонија и ул.Московска, во КО Карпош-Општина Карпош, изработен од Друштво за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје, со Решение за објавување
3. Детален урбанистички план за Градска четврт ССЗ 01, блок 10 од четврт ССЗ 01, Општина Карпош Скопје, изработен од Друштво за трговија и услуги БИЛД УРБАН ДОО Скопје, со Решение за објавување
4. Одлука за техничка исправка за ГП 3.03.2.358 во Детален урбанистички план за градска четврт З 03-опфат помеѓу бул.Партизански одреди, корито на р.Вардар, бул.Македонија и ул.Московска, плански период 2013-2018, Општина Карпош-Скопје (Одлука бр.08-8826/6 од 3.12.2015 год.), со Решение за објавување
5. Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2023 година, со Решение за објавување
6. Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2023 година, со Решение за објавување
7. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на реони на основните училишта на Општина Карпош, со Решение за објавување
8. Заклучок за усвојување на Годишната Програма за изменување и дополнување на Годишната програма за работата на Јавна установа општинска детска градинка „Орце Николов“, Општина Карпош - Скопје за 2022/2023 година, со Решение за објавување
9. Одлука за предавање во владение, употреба и започнување со работа на објектот „Први стапки“ во ЈУОДГ „Орце Николов Општина Карпош Скопје, со Решение за објавување
10. Службена белешка за не усвојување на Предлог-Одлука за поголема транспарентност и вклучување на јавност во процесот на носење на Детални урбанистички планови во Општина Карпош, со решение за објавување

11. Одлука за пренесување во живо на седниците на Советот на Општина Карпош, со Решение за објавување.

**Издавач:**
**Општина Карпош**
**Уредува: Одделение за поддршка и организација на работата на Советот**
**Адреса: ул.Радика бр.9, бараки бр.1 и бр.2,**
**Тираж: 25 примероци**